# З А П И С Н И К

од шестата седница на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, одржана на 21.8.2023 г., во Салата за одржување седници на Општина Гевгелија, со почеток во 15:00 часот. Присутни: Кристијан Алчинов, Памела Петровска, Марија Јовановска, Георги Петков и Тијана Ристовска. Седницата ја отвори и со неа заседаваше Кристијан Алчинов, претседателот на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија. По констатирањето дека се присутни мнозинство членови и има кворум за работа, претседавачот го прочита Предлог-Дневниот ред за работа на седницата:

1. Избор на записничар;
2. Усвојување на записник од петтата седница на Локален младински совет на Општина Гевгелија;
3. Вклучување на Локален младински совет во социјално мапирање за лица со посебни потреби над 15 години- волонтерство за анкетирање,
4. Информација за спроведени активности за отворање Канцеларија за млади,
5. Предлог-Заклучок за усвојување Протокол за управување со Канцеларија за млади,
6. Предлог-Заклучок за усвојување Прококол за управување со профили на социјални мрежи на ЛМС на ОГ,
7. Информација за спроведување активност за одбележување на Ден на млади, спортски настан предвиден за реализација по Програма за работа на ЛМС на ОГ,
8. Разледување на Законот за младинско учество и младински политики за отворање Младински центар,
9. Информација за учество на конференција „Младински состојби и финансирање на младинските политики во Северна Македонија“,
10. Информација за работен состанок помеѓу службеници за млади во ОГ и Општина Велес, претседател на ЛМС на ОГ и младински работник во Младински центар Велес,
11. Разно.

Претседателот отвори дискусија за забелешки по дневниот ред. Бидејќи никој немаше забелешки, записникот беше ставен на гласање и усвоен со 5 гласа за.

По што се премина кон избор на записничар. Со четири гласа за, Памела Петровска беше избрана за записничар.

По однос на отворената дискусија за 3 точка, излагање имаше службеникот за млади кој ги информираше членовите на ЛМС дека Општина Гевгелија потпиша Меморандум за соработка со ЈУМЦСР- Гевгелија, Здружението на инвалидски организации- Гевгелија, Национална алијанса за лица со посебни потреби- Гевгелија и Фондациите „Аполонија“ и „Ице Бегов“ за реализација на Проектот, инициран од Фондациите и Здруженијата на граѓани, „Изработка на Локална стратегија за развој и подобрување на социјалниот живот, вклученост и квалитетот на животот на лицата со попреченост во општина Гевгелија над 15 години“ и дека за истото е потребно социјално мапирање. Во кој може да се вклучат и членовите на Локалниот младински совет, имајќи предвид дека во Програмата за работа на ЛМС на ОГ за 2023 г. беа предвидени квартални средби со Здруженијата на лица со попреченост.

По неговото излагање, без никакви забелешки, предлогот за вклучување во социјалното мапирање на изработка на Локална стратегија за развој и подобрување на социјалниот живот, вклученост и квалитетот на животот на лицата со попреченост

во општина Гевгелија над 15 години“ од страна на претседателот на ЛМС на ОГ беше ставен на гласање и едногласно усвоен.

За 4 точка, по отворената дискусија, излагање имаше службеникот за млади кој даде информација за спроведените активности на Општина Гевгелија за отворање на Канцеларијата за млади. Односно, за набавената информатичка технологија и канцелариски мебел и опрема.

Поради недоработен материјал за 5 точка, претседателот даде предлог да се симне од дневниот ред, а ЛМС на ОГ донесе заклучок да се доработи материјалот и да се стави на гласање за наредната седница.

По разгледувањето на материјалот за 6 точка и без никакви забелешки, со 5 гласа за ЛМС на ОГ го усвои Протоколот за управување со социјалните мрежи.

Исто така, од дневен ред беше симната и 7 точка поради некомплетен материјал.

По однос на 8 точка, ЛМС на ОГ дискутираше за можноста за отворање Младински центар во просториите на ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија, за што се донесе став дека треба да се направи анализа на ресурсите.

За 9 точка, претседателот Алчинов помеѓу членовите на ЛСМ на ОГ сподели информација за учеството заедно со службеникот за млади во Општина Гевгелија Конференцијата: „Младински состојби и финансирање на младинските политики во Северна Македонија“, којашто се одржа на 10 август 2023 година, во хотел „Мериот“- Скопје, по повод Денот на Младите, а на којашто беа промовирани наодите од две анализи на коишто ВДФ работеше: „Младите и пописот на населението“ и „Финансирање на младинските политики“.

По однос на 10 точка, исто така, Алчинов сподели информација за посетата заедно со службеникот за млади на Младинскиот центар во Велес и работната средба со младинскиот работник и службеникот за млади во општина Велес, имајќи можност да ги видат просториите, да се запознаат со активностите коишто ги спроведува Младинскиот центар во Велес, како и дебатирање за можноста за проширување на соработката помеѓу ЛМС-и на ОГ и ОВ.

Бидејќи никој не се јави со дискусии по последната точка Разно, претседателот ја затвори 6. седница на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија.

бр. 08-1174/6
27.12.2023 г.
Гевгелија

записничар
Памела Петровска
с.р.

Членови на ЛМС на ОГ,
1.Кристијан Алчинов с.р.
2. Тијана Ристовска с.р.
3. Марија Јовановска с.р.
4. Памела Петровска с.р.
5. Георги Петков с.р.